Друштво за трговија, производство, услуги, шпедиција, увоз-извоз
ПЕКАБЕСКО АД Кадино,Илинден

| Примено: | 25-04-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0202 | 10/134 | | |

ДО
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА ПЕКАБЕСКО АД КАДИНО**
**Кадино,Илинден**

# П Р Е Д Л О Г

**-за дополнување на дневен ред со вклучување на нова точка со предлог одлука -**

**ПОДНОСИТЕЛ:**Акционер кои поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас во ПЕКАБЕСКО АД.

Почитувани,

Во дневниот весник Нова Македонија на ден 20.04.2023година е објавен Повик за учество на Собрание на Друштвото ПЕКАБЕСКО АД Кадино , кое треба да се одржи на 26.05.2023година, со предлог дневен ред за собранието.

На интернет страната на Друштвото , како и на системот за информирање СЕИ НЕТ , истиот ден 20.04.2023година е објавен Повикот за учество на Собранието, предлог одлуките по однос на предложените точки како и прилозите кон истите.

Во предвидениот законски рок го користам моето законско право на предлагање на дополнување на дневен ред со вклучување на нова точка со предлог одлука.

Во предложениот Деневен ред на престојното годишно собрание на ПЕКАБЕСКО АД, објавен во средствата за инфорнирање на ден 20.04.2023година,ПРЕДЛАГАМ да се вклучи нова точка и тоа:

## Точка 15.Усвојување на Предлог-Одлука за определување на месечен паушал на неизвршни членови на Одбор на Директори на ПЕКАБЕСКО АД .

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ

Согласно член 365 став 1 од Законот за трговски друштва на Р.С.Македонија е утврдено дека Собранието на акционери со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директори.

Согласно член 55 став 1 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, е пропишано дека Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на незивршните членови на одбор на Директори.

Собранието на акционери на ПЕКАБЕСКО АД на годишното собрание одржано на 16.06.2021година донесе одлука за определување на месечен паушал на незивршни членови на Одбор на директори на пекабеско Ад бр.0202-1173/21 од 16.06.2021година, со која определи награда на неизвршните членови на одборот на директори во вид на месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари за учество во состаноците на Одборот на директори.

Имајки го во предвид фактот дека по донесување на Одлуката бр.0202-1173/21 од 16.06.2021година имаме континуирано зголемување на трошоците за живот, зголемување на стапката на инфалација, како и зголемување на минималната и просечната плата во Република Северна Македонија, потребно е ревидирање на месечниот паушал на неизвршните членови на одбор на директори.

По однос на предложената точка за дополнување на Деневен ред на престојното годишно собрание на ПЕКАБЕСКО АД, објавен во средствата за инфорнирање на ден 20.04.2023година, кој предлог гласи ,, Усвојување на Предлог-Одлука за определување на месечен паушал на неизвршни членови на одбор на Директори на ПЕКАБЕСКО АД,, ПРЕДЛАГАМ и предлог одлука која гласи:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ОД АКЦИОНЕР СО НАД 5%**

Врз основа на член 365 став 1 и член 384 од Законот за трговските друштва Собранието на ПЕКАБЕСКО АД на седницата одржана на 26.05.2023год ја донесе следната

## ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
## За определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одбор на директори на Пекабеско АД

### Член 1

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** награда на неизвршните членови на одборот на директори во вид на месечен паушал во нето износ од 30.000,00 денари за учество во состаноците на Одоборот на директори.

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се задолжува правната и сметководствената служба во Друштвото.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето , а Одлуката за определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одбор на директори на Пекабеско АД бр.0202-1173/21 од 16.06.2021година на Собранието на акционери престанува да важи.

**Претседавач на**
**Собрание на акционери**

_______________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 365 став 1 од Законот за трговски друштва на Р.С.Македонија е утврдено дека Собранието на акционери со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директори.

Согласно член 55 став 1 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, е пропишано дека Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на незивршните членови на одбор на Директори.

Собранието на акционери на ПЕКАБЕСКО АД на годишното собрание одржано на 16.06.2021година донесе одлука за определување на месечен паушал на незивршни членови на Одбор на директори на пекабеско Ад бр.0202-1173/21 од 16.06.2021година, со која определи награда на неизвршните членови на одборот на директори во вид на месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари за учество во состаноците на Одборот на директори.

Имајки го во предвид фактот дека по донесување на Одлуката бр.0202-1173/21 од 16.06.2021година имаме континуирано зголемување на трошоците за живот, зголемување на стапката на инфалација, како и зголемување на минималната и просечната плата во Република Северна Македонија, потребно е ревидирање на месечниот паушал на неизвршните членови на одбор на директори.

Врз основа на претходно наведените одредби од законски прописи и Акти на Друштвото, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По однос на овој мој Предлог, барам од Одборот на Директори како органот на управување на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, да постапи согласно Законот за трговските друштва на Република Северна Македонија.

Со Почит,

АКЦИОНЕР СО НАД 5% АКЦИИ